**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ОСМАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 30.04.2020 година

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и осмата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 30.04.2020 година**

Седницата започна во **12:05 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија бр.09-1703/2 од 30.04.2020 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред, со следните точки:

**5.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба; и

**6.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај;

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"5"** беше ставен на гласање и усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"6"** беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "5" и "6" се составен дел на предложениот дневен ред.

Претседател на совет - **Тони Бојковски**:

Предложи дневниот ред да се дополни со точка **7. Обраќање на Претседател на Совет на Општина Гази Баба**, со предлог да биде точка 1 од предложениот дневен ред, а точките редоследно од 1 - 6 да бидат разгледувани како точки редоследно од 2 - 7.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"7"** со предлог да биде точка **"1"** од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "7" ќе биде разгледувана како точка "1", а точките "1", "2", "3", "4", "5" и "6" ќе бидат разгледувани како точки "2", "3", "4", "5", "6" и "7".

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точката **5**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје да се **симне** од предложениот дневен ред.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пред ставање на предлогот за симнување на точката "5" од предложениот дневен ред на гласање, укажа на одредбите од член 39 став (1) од ЗПУП, каде е наведено следното:

"Градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје е должен најдоцна три работни дена по добивање на согласноста од член 38 став (2) на овој закон, а доколку не е издадена согласност и не е доставено известување за констатирани недостатоци на урбанистичкиот план, по истекот на рокот за издавање на согласност утврден во член 38 став (2) на овој закон, да го достави предлогот на планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, до Советот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје а претседателот на Советот е должен предлогот на планот да го стави на првата наредна седница на Советот, а Советот е должен да одлучи по истиот на истата седница."

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "5" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "5" е **симната** од предложениот дневен ред, а точките "6" и "7" ќе бидат разгледувани како точки "5" и "6".

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Обраќање на Претседател на Совет на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за работа на Советот и постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба во услови на прогласена вонредна состојба или постоење на итна и неодложна потреба;
3. Предлог - Одлука за усвојување на Урбана ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година;
4. Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба; и
6. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.

**ПРВА ТОЧКА: Обраќање на Претседател на Совет на Општина Гази Баба.**

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Го информираше советот за одржаната седница на Локалниот совет за превенција (ЛСП) по повод настаните од Сингелиќ и начелно е договорено додека трае пандемијата со КОВИД-19 еднаш месечно да има седница на ЛСП. Даде осврт и на успешното справување со пандемијата на ниво на општина како и на високото ниво на свесност и одговорност кај граѓаните, што резултира со многу ниска стапка на заболени на ниво на општина.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за работа на Советот и постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба во услови на прогласена вонредна состојба или постоење на итна и неодложна потреба.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.04.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за работа на Советот и постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба во услови на прогласена вонредна состојба или постоење на итна и неодложна потреба, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за усвојување на Урбана ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.04.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, членот на советот - м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија") и членот на советот - д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на Урбана ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.04.2020 година.

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, истакна дека дел од членовите на комисијата за урбанизам и претставници од стручната служба беа излезени на терен но не беа точно лоцирани посочените парцели наведени во Предлог-Одлуката. Поради тие причини овој пат советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" ќе гласа против донесувањето на оваа Предлог-Одлука.

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина се обрати до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам и градежно земјиште и побара писмено по електронски пат да му се достави информација **дали за градбата на Скопски Саем има потребно одобрение за градење, на чие име гласи (кој е инвеститор) и дали е платен надоместок за уредување на градежно земјиште ?**.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Одлуката за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје, со **6 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Пред преминување на следната точка од утврдениот дневен ред за збор се јавија членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Претседателот на Советот и членот на советот - д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Членот на советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија") побара членот на советот од Коалицијата предводена од СДСМ инволвиран во настаните во Сингелиќ кога не се почитуваше полицискиот час, покрај изречената казна од 5.000 евра да понесе и политичка одговорност, односно да поднесе оставка од функцијата - член на совет.

**Претседателот на Советот** го потсети Градоначалникот и стручната служба дека не е постапено по донесениот заклучок од минатата седница и не е доставена информација за судскиот предмет кој ја чини општината околу 8.000.000,00 денари во корист на координаторот на советничкатата група на Коалицијата предводена од СДСМ. Доколку се утврди дека оваа е точно ќе побара од истата да поднесе оставка од функцијата - член на совет.

Членот на советот - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија") побара оставка од целата советничка група на Коалицијата предводена од СДСМ и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, со **18 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, со **19 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:20 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот